Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Бр.УП 11-1860

08.01.2020 година

Скопје

Врз основа на поднесено барање за потврдување на јавен интерес за дадена донација од Пивара Скопје АД, а во врска со член 21 став 6 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.47/06,86/08, 51/11, 28/14 и 153/15 )министерот за правда донесе

**РЕШЕНИЕ**

Донација во материјални добра во вредност од 309.521,00 денари на Општина Чаир дадена од Пивара Скопје АД, **СЕ ПОТВРДУВА како донација од јавен интерес во областа на комуналните дејности.**

Образложение

До Министерството за правда согласно член 21 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности доставено е барање за издавање на решение со кое се бара потврдување на јавниот интерес за донаицја на Општина Чаир дадена од Пивара Скопје АД.

Кон барањето е приложен договорот за донација склучен помеѓу Пивара Скопје АД, претставувана од ген.директор Дан Тимотин, како давател и Општина Чаир, претставувана од Градоначалник Висар Ганиу, како примател, чиј предмет на донирање се материјални добра изградба на паркиралиште за велосипеди со димензии 9.310м должина, 2.825м ширина и 2.755м висина на локации во вредност од 309.521,00 денари, наменети за изградба и одржување на јавниот простор за паркирање.

Предметниот договор е во согласност со членот 10 став 2 од законот, според кој "Предметот на донацијата и спонзорството мора да е во согласност со дејноста на примателот на донацијата и спонзорството", како и членот 11 став 2 од законот според кој "Донацијата се дава на примателот на донацијата со цел да се задоволат неговите декларирани, јавно утврдени потреби и цели и/или да се решат утврдени состојби и проблеми.

Министерството за правда согласно член 21 став 4 од законот, побара мислење од надлежниот орган-Министерство за локална самоуправа, како основа за решавање по барањето.

Министерство за локална самоуправа со мислење бр.08-2795/2 од 30.12.2019 година, смета дека дадената донација е од јавен интерес.

Врз основа на изнесеното се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА

д-р Рената Дескоска

Изготвил: Никола Бабановски советник

Контролирал:Мира Димишковска, рако. на одделение

Одобрил : Санела Хасиќ, државен советник